Назив на проектот: „Механизам за превенција од корупција“
Референтен број на проектот: SB MKD NI 01/2023-003
Назив на организацијата-носител: ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија Скопје
Назив на програмата: СМАРТ БАЛКАН
ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ЗА ПОВРЗАН ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Опис на работна задача за експертски услуги за активноста 1.2 Анализа на антикорупциската правна рамка во областа на животната средина**

Според Б.Л. 3.1 Подготовка на секторска анализа

| | |
|---|---|
| **Цели на проектот:** | Општата цел на проектот е да даде придонес во борбата против корупцијата преку воспоставување соработка и партнерство помеѓу ГО, граѓаните и клучните антикорупциски институции и нивните соодветни тела.<br><br>Специфичните цели на проектот се:<br>• Зголемување на капацитетите и знаењето на ГО во антикорупциските практики<br>• Овозможување ефективен механизам за справување со еколошката корупција<br>• Подигнување на јавната свест за еколошките корупциски нишки и нивните последици |
| **Цели на активноста 1.2:** | Анализата на антикорупциската правна рамка во областа на животната средина ќе ги процени постоечките закони, регулативи и политики за справување со корупцијата во управувањето со животната средина и ќе ги идентификува сите празнини или слабости што треба да се решат.<br>Со оглед на потребата од селективен пристап при анализата на корупцијата во животната средина, оваа активност ќе овозможи конкретен преглед на сумираните податоци и информации во однос на антикорупциските политики и ќе изготви предлози за превентивни мерки во оваа област. |
| **Генерален опис на ангажманот:** | Креирање на анализа на антикорупциската правна рамка во областа на животната средина |
| **Задачи:** | • Деск истражување и состаноци со релевантни засегнати страни, доколку е потребно<br>• Редовна комуникација и размена на информации со проектниот тим<br>• Развој и креирање на содржина во анализата, согласно поставените начела и побаруваните елементи<br>• Финализирање и поднесување на финален продукт - анализа<br>• Подготовка и поднесување на извештај за спроведените активности за време на ангажманот |

| | |
|---|---|
| **Продукт(и) од ангажманот:** | Креирана анализа на антикорупциската правна рамка во областа на животната средина, која ќе ги содржи следните елементи:<br>- Преглед на релевантните закони и регулативи<br>- Проценка на ефективноста на правната рамка<br>- Идентификување на актуелните недостатоци<br>- Преглед на меѓународните стандарди<br>- Студии на случај<br><br>Анализата ќе послужи како основа за развој на тренинг програмата за градење на капацитетите која ќе се реализира во рамките на овој работен пакет, но исто така ќе послужи како алатка за застапување и лобирање за време, но и по завршувањето на предлог-проектот,на тој начин обезбедувајќи одржливост на акцијата. |
| **Локација:** | Скопје |
| **Период на спроведување:** | Ангажманот ќе вклучува вкупно дваесет (20) експертски денови, во периодот од 30-ти Септември до 10-ти Ноември 2023 година. |
| **Потребни квалификации и вештини:** | • Универзитетска диплома во областа на право, јавна администрација, политички и општествени науки, економија и слични области<br>• Добри аналитички вештини<br>• Најмалку пет (5) претходно направени анализи или слични анализи<br>• Најмалку пет години искуство во спроведување на истражувања и креирање на анализи (предност ќе биде областа животна средина)<br>• Искуство во работа и соработка со граѓански организации и институциите кои се цел на истражувањето и анализата<br>• Искуство во креирање на квалитетни истражувања и анализи, како и останати слични документи |
| **Критериуми за оценување:** | (see table below) |
| **Кој може да аплицира:** | Физички и правни лица |
| **Документи се потребни за поднесување на апликација:** | Правните лица треба да поднесат портфолио, работна биографија на експертот кој планираат да го вклучат, предлог методологија, финансика понуда, ДРД формулар и тековна состојба.<br>Физичките лица треба да поднесат работна биографија, портфолио (референци од претходно релевантно искуство), предлог методологија и финансиска понуда. |

| **Сегменти** | **Поени** |
|---|---|
| Работна биографија | 30 |
| Искуство/компетентност/квалификации | 30 |
| Методологија | 20 |
| Цена | 20 |
| **Вкупно поени** | **100** |

| | |
|---|---|
| **Локација и рок за поднесување на апликации:** | Електронски на project@florozon.org.mk или contact@florozon.org.mk<br>или<br>Лично до канцеларијата на Флорозон на Ул. Никола Парапунов бр. 41/102, 1000 Скопје<br>Краен рок за поднесување на апликација е 15-ти Септември 2023 година |

Бр. 0302/71-3

Скопје, 05.09.2023